**20211031640**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за аудиовизуелните добра,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 5 мај 2021 година.

Бр. 08-2217/1
5 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИОВИЗУЕЛНИТЕ ДОБРА**

Член 1

Во Законот за аудиовизуелните добра („Службен весник на Република Македонија број 103/2008, 47/11, 51/11, 154/15, 39/16 и 220/18), насловот на членот 41-б и членот 41-б се бришат.

Член 2

Во главата IX зборот „ОДРЕДБИ“ се заменува со зборот „САНКЦИИ“.

Член 3

Во член 42 во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „250 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „100 до 250 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.“.

Член 4

Во член 42-а во ставот (1) по зборовите: „износ од“ се додаваат зборовите: „1.000 до“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „250 до 500 евра во денарска противвредност“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице може да му се изрече опомена согласно со Законот за прекршоците.”.

Член 5

Членот 42-б се менува и гласи:

„За прекршоците од членовите 42 и 42-а од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“.

Член 6

Членот 42-в се брише.

Член 7

Во член 43 ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) се бришат.

Член 8

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.